РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4929/1
21.09 2018 год
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

***понеделник, 24 септември 2018***

**ЈАВЕН ПОВИК – ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО**

**за манифестацијата „Фестивал на велешка пита и вино 2018“**

Општина Велес и оваа година традиционално ќе ја организира манифестацијата **„Фестивал на велешка пита и вино 2018“** презентација на питата пастрмајлија и виното каде производителите на пекарски и алкохолни пијалоци односно угостителите и винариите ќе го промовираат сопственото производство.

Манифестацијата „ Фестивал на велешка пита и вино 2018“ ќе биде од изложбен и продажен карактер.

Цел на манифестацијата е да се придонесе кон поголема афирмација и промоција на питата пастрмајлија, препознатлив велешки специјалитет, но истовремено ќе им помогне на угостителите, винариите, малите и средните компании од прехрамбениот сектор, пред потенцијалните потрошувачи од Вардарски плански регион и Македонија, како и здруженија на сродни производители, стопански комори, ресорни министерства, амбасади, организации и фондации за поддршка на претприемништвото во Република Македонија, кои ќе бидат поканети да го посетат настанот.

Оваа година манифестацијата ќе се одржи во периодот од 19, 20 и 21 Октомври на ул. „8-ми Септември“ (С”рамале до кружниот тек) со богата културно-уметничка и забавна програма.

Се повикуваат сите угостители, винарии, правни лица и регистрирани индивидуални пекарски производители, да се пријават за учество во Општина Велес .

Контакт лица за дополнителни информации за манифестацијата можете да добиете на телефон: 043-232 406; 043-232 966 или opve@veles.gov.mk; dime.atanasovski@veles.gov.mk или andrej.kjamilov@veles.gov.mk;

Во прилог, **Правилник и Пријава за учество**

Градоначалник на Општина Велес

Аце Коцевски


*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*